МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Март 2009

БРОЈ 91

## Граѓанските организации во Република Македонија



Врска помеѓу државата и јавноста или изолиран ентитет.

Анализата на м-р Симонида Кацарска, што ја издаде МЦМС е фокусирана на развојот на граѓанското општество во Република Македонија во периодот 1990-2007 година. Анализата се осврнува на развојот на граѓанското општество во Република Македонија во теоретската рамка на граѓанското општество како елемент на процесот на демократизација.

Предмет на истражувањето се граѓанските организации (ГО) основани од 1990 година. Во овој период, примарно поради вклучувањето на странски донатори и организации, е формирана густа мрежа на ГО. Без оглед на бројот на ГО, Република Македонија истовремено е земја со ниско ниво на граѓански активизам во ГО.

## Исламот и политиката на Западен Балкан



МЦМС деновиве ја преведе и реиздаде публикацијата „Исламот и политиката на Западен Балкан".

Публикацијата е резултат на едно порачано истражување од Политичкиот секретаријат на Федералното биро за надворешни работи на Швајцарија.

Целта на истражувањето е да се разјаснат односите помеѓу исламот и политичките дејности во Западен Балкан. Публикацијата придонесува кон осветлувањето на еволуцијата на исламот во Западен Балкан во последните децении. Се фокусира на муслиманското население во поранешна Југославија и се надоврзува на две теренски студии спроведени во Косово, во Македонија и во Јужна Србија, од едната страна и во Босна и Херцеговина и во Санџак (Србија, Црна Гора) од другата страна. Публикацијата е печатена на македонски и албански јазик.

# Претседателските кандидати за дискриминацијата




*Претседателските кандидати на дебатата за дискриминацијата*

Коалицијата Македонија без дискриминација на 17 март 2009 година ги повика претседателските кандидати да ги кажат своите ставови во врска со креирањето ефективна законска рамка преку донесување на општ Закон за заштита од дискриминација и формирање независно тело за заштита на човековите права. На дебатата одржана во хотелот Континентал се одзваа кандидатите: Љубе Бошковски, Ѓорѓи Иванов, Нано Ружин, Имер Селмани и Љубомир Фрчкоски.

Прашањето на дискриминација, за сите присутни претседателски кандидати е многу важно. Бошковски ќе се залага за уредување на ова проблематика во сите сфери на општественото живеење, Иванов, како претседател, ќе го поддржи овој закон. Нано Ружин, пак, како претседател не би го потпишал овој закон заради неговите слабости. Забелешките што ги има Коалицијата треба, според него, да бидат предмет на јавна расправа и да влезат во Законот. Имер Селмани, смета дека не е потребен само Закон туку и посебно тело за спроведување на Законот. Љубомир Фрчкоски сегашниот текст на Законот го оцени како апстрактен, препишан и без фокус на групите во потреба. Смета дека текстот не дава ефективна основа за заштита од дискриминација и остава простор за исклучоци од казнувањето за акти на дискриминација без таксативно да ги наброи. Ваквиот текст, според него, е израз на авторитарно општество. Законот не треба само да биде пасивна забрана на дискриминацијата туку да промовира еднаквост.

Присутните се интересираа за ставовите и мислењата на кандидатите за жените како група во дискриминација, за ЛГБТ популацијата, за тоа како ќе се направи баланс меѓу традиционалното и модерното, за индивидуалните права итн.

Членки на Коалицијата се: Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ Гостивар, Ел Хилал, Македонски центар за меѓународна соработка – МЦМС, Македонска асоцијација за слободна сексуална определба - МАССО, Македонски центар за женски права, Полио Плус-движење против хендикеп, Прва детска амбасада во светот – Меѓаши, Сојуз на организации на жени на Република Македонија – СОЖМ, Центар за човекови права и разрешување на конфликти, ХДЗР Месечина, ХОПС – Опции за здрав живот.

## Осуда на насилството




Сојузот Македонија без дискриминација, чиј член е и МЦМС, го осуди насилното попречување на одржувањето мирен собир на 28 март 2009 година на Градскиот плоштад.

„Ние, како сојуз на граѓански организации „Македонија без дискриминација" најостро го осудуваме насилството како такво, насилното спречување на слободата на говор, мисла, уверување и собир. Најостро ја осудуваме секоја манифестација и секое повикување на дискриминација врз било која основа како и употребата на говор на омраза.

Ја поддржуваме изразената јавна осуда и ги повикуваме надлежните органи да преземат конкретни акции во насока на заштита на човековите права.

Бараме примена на законот кон тие кои ги ограничија и прекршија правата на граѓаните, против сите кои со сила и сериозна закана го спречија одржувањето на јавен собир и против сите поттикнувачи и поддржувачи на насилството.

Посебно бараме од власта да ја активира внатрешната контрола на МВР и да го преиспита и санкционира секое несоодветно постапување на полицијата.

Сметаме дека манифестираното насилство е знак на длабок општествен конфликт, настанат во отсуство на комуникација и дијалог и резултат на долготрајна толеранција на дискриминацијата и говорот на омраза, како од страна на власта, така и од страна на цивилното општество.

Ја повикуваме власта, во најкраток можен рок да преземе активности со кои ќе се спречи насилство од ваков вид и што е можно побрзо донесување на законот за забрана на дискриминација и воспоставување на ефективен механизам за заштита на правата на граѓаните и посебно, заштита од дискриминација", се вели во реакцијата на Сојузот Македонија без дискриминација.

## Обука за фотографирање



Вработените на МЦСМ, во почетокот на март оваа година ја посетија еднодневната обука за фотографирање. Целта на обуката беше подобрување на вештините за фотографирање што ќе резултира со поупотребливи фотографии за изданијата на МЦМС.



Учесниците имаа можност да се запознаат со фотографијата, ги совладуваа ознаките и функциите на фотоапаратот, на своите претходни фотографии можеа да ги видат најчестите грешки што се јавуваат при фотографирањето.

Откако добија теоретски вовед за тоа како се фотографираат настани и луѓе – имаа можност практично да ги применат. За околу 60-тина минути, учесниците на обуката се обидоа да бидат вистински фоторепортери и да фотографираат настани и луѓе надвор од канцелариите. По ова, секој имаше можност да ги слушне забелешките за своите фотографии направени во практичниот дел. На крај, учесниците поминаа низ начинот на фотографирање портрети како и најзначајните имиња од светот на фотографијата кои изработувале портрети.

Обуката ја спроведе Андон Давчев, тренер за фотоновинарство и фотографија.



## Пет нови истражувачки публикации



*Авторите заедно со нивните промотори*

МЦМС, на 26 март 2009 година промовираше пет нови истражувачки публикации: „Феминистички почетоци на социјалната работа" од Биљана Страмшак, „Граѓанските организации во Република Македонија" од Симонида Кацарска, „Односите со јавноста на здруженијата на граѓани во Македонија" од Маријана Иванова, „Успех во 10 чекори - создавање на Локален акциски план за прашањето на хендикепот" од Африм Илјази и „Аспектите на човековата безбедност во Македонија - стари или нови војни" од Ивана Томовска.

Основната идеја на МЦМС беше да се мотивираат младите луѓе, постдипломци, за нивните магистерски трудови да истражуваат на теми кои се од интерес за граѓанското општество. Овие публикации треба да бидат основа за дискусии и за развој на стратегии и планови за развој на граѓанското општество, базирани на истражувања и аргументи, како и да промовира нови имиња, нови експерти во граѓанското општество.

Публикациите ги промовираа проф. д-р Слободанка Марковска, Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС, Билјана Петковска, извршен директор на МИМ, Звонко Шаврески, извршен директор на Полио плус и Сашо Петковски, специјалист по клиничка психологија. Со овој проект вкупно беше подржано издавањето на девет публикации, а вкупниот буџет изнесуваше 730.000 денари.

## Јавниот дух се помести кон умерен




Македонскиот центар за меѓународна соработка по трет пат ја истражуваше општествената одговорност на граѓаните и како дел од неа, јавниот дух. Поддршката на владеење на правото или јавниот дух е истражувана преку пет прашања: оправданост на барањето бенефиции за кои се нема право, неплаќање на комуналните услуги, мамењето данок, избегнувањето да се плати јавниот превоз и давањето/примањето мито. Истражувањето покажа дека има поместување кон умерен степен на јавен дух во Македонија. Критичка точка се уште е оправдувањето на барање бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право.

Граѓаните во големо мнозинство поддржуваат плаќање данок (92,2%), комунални услуги (91,2%), јавен превоз (92,3%), како и не давање/примање мито (92.8%). Помала е поддршката на ставот да не се бараат бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право (85,4%). Јавниот дух е во пораст во однос на 2007 година, како и во однос на претходното истражување во 2004 година. Поддршката за плаќање данок е зголемена на 92,2% од 80,8% во 2007 година. Слично е со комуналните услуги и јавниот превоз за кои поддршката во 2007 година изнесувала 78,4%, односно 79,9%. Зголемен е бројот и на оние кои сметаат дека не е оправдано да се бараат бенефиции од Владата за кои граѓаните немаат право на 85,4% од 57,8% во 2007 година.

Еден дел од одговорите имаат поддршка и во реалноста. Бројот на поднесени годишни пријави за данок од персонален приход е зголемен од околу 30.000 пријави за 2006 г. на над 100.000 пријави за 2008 г. Од друга страна во друго истражување во 2008 г. околу 71% од граѓаните одговориле дека редовно ги плаќаат сметките за вода, што укажва на значаен дел на граѓани кои не оправдуваат неплаќање иако и самите не плаќаат редовно или воопшто. Истражувањето се спроведе преку теренска анкета во домаќинствата на национален репрезентативен примерок. Анкетата ја спроведе Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања (ИСППИ), чија одговорност беше и методолошката исправност.

Анкетата беше спроведена во март 2009 г. на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

## Консултативна работилнца за АДКОМ

МЦМС заедно со Асоцијацијата на даватели на комунални услуги на РМ (АДКОМ) одржа консултативна работилница за дефинирање на приоритетите за реформи во комуналниот сектор и за подобрување на работата на Јавните комунални претпријатија (ЈКП). На работилницата учествуваа членовите на Управниот одбор на АДКОМ, а беше присутен и Ојстин Хауген, директор за меѓународни проекти на КС - Норвешка Асоцијација на Локални и Регионални Власти од Норвешка.

Главните цели на работилницата беа да се идентификуваат стратешките насоки за формулација на апликација за подобрување на работата на ЈКП; да се дефинираат клучните елементи кои ќе бидат опфатени со предлог проектот и да се воспостават институционални контакти и соработка со претставниците на КС.

На работилницата беше направена анализа на потребите и приоритетите со фокус на неколку области: владини политики и секторски стратегии (водовод, пречистување на отпадните води, канализација и управување со цврст отпад); подобрено финансиско управување; структурна промена на комуналните претпријатија; јавно приватно партнерство; зајакната регулација; системско вреднување и подигање на јавната свест.

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов 66, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk